**СЛАВНИОТ ШПАНСКИ СЛИКАР ВО ДЕЛОТ НА МСУ КАДЕ ШТО НЕ ПРОКАПУВА**

Немаше леѓени во една од салите на Музејот на современа уметност на синоќешното отворање на изложбата на големиот шпански сликар Салвадор Дали, по муабетот од прес-конференцијата, на која беше речено дека реновираниот покрив на Музејот



Фото: О. Теофиловски

*Вчера претпладне се чистеше Музејот, се поставуваше црвениот килим, се менуваше стариот теписон пред влезот, се закачуваа билбордите и сити лајтитениз целиот град*

# Нема леѓени за Дали

**■ Директорката Елиза Шулевска вели дека изјавата дадена на прес конференција по повод големиот настан дека музејот прокапува е "тенденциозна изјава на душманите однатре"**

прокапува. Последните подготовки пред големиот настан се одвиваа вообичаено. Се чистеше Музејот, се поставуваше црвениот килим, се менуваше стариот теписон пред влезот, се закачуваа билбордите и сити лајтите, околу институцијата и низ целиот град. Се проверуваа системите на безбедност.

"Она што беше кажано на пресот од кустосот Захаринка Алексовска - Бачева е страшен удар однатре. Изложбата е целосно безбедна. За жал на душманите на институцијата, нема да протекува во салонот кај Дали. На информацијата за пропустите во реконструкцијата на покривот што, патем, е странска инвестиција, воопшто не ѝ беше место на прес-конференција за вака значаен настан за Музејот и за целата македонска јавност. Сметам дека таквите постапки се тенденциозни за да се замагли еден успешен потег на менаџментот на Музејот. Кога ќе се види и најмало придвижување, веднаш се напаѓа, се фрлаат црнила, се ставаат сопки", ни рече Шулевска. Таа е зачудена зошто не си даваме шанса за позитивни случувања, за убави нешта. "Фокусот, наместо на изложбата и екстравагантната личност на Дали, се преместува на нешто што е тековна работа и одржување, патем се бараат од мене одговори за нешта кои се минато, што се случувале во други мандати", вели Шулевска.

Како што објаснува, таа за своите две години директорување успеала да го осветли Музејот, што досега не било направено. Со пари од Министерството за култура се поставени инфраред камери за целосен видеонадзор на објектот, купени се нови противпожарни дојавувачи, што Шулевска потенцира дека воопшто ги немало, дури и на најважното место на Музејот. Таа вели дека има 24-часовно физичко обезбедување, како и тоа дека е ангажирана и агенција за обезбедување, која е во постојана контрола на објектот. "Будноста е зголемена. Не само за оваа изложба на Дали туку, воопшто, за целата институција", ни рече директорката.

Шулевска не негира дека има пропуст во реновирањето на покривот, што се случувало пред нејзиниот мандат. Таа вели дека влагата се појавува во делот каде што треба да е постојаната поставка. Информирани се инвеститорот и изведувачот и, според неа, тие рекле дека ќе се најде решение за тоа.

Оваа изложба на Салвадор Дали е дел од трилогијата која во македонија доаѓа по првичните договори на сегашната министерка Елизабета Канческа - Милевска во времето кога таа била државен секретар во Министерството за култура. Од пред две години се договорени големите поставки од Прага на Јан Саудек, која се реализираше, на Дали, и за во иднина останува на Алфонс Муха. ***(М. За.)***